# ЗАПИСНИК

## од КОНСТИТУТИВНА седница на Генерално собрние на ЗЕЛС

Скопје, 29 ноември, 2017 г.

**ЗАПИСНИК**

од Конститутивна седница на Генерално собрание на ЗЕЛС

Скопје, 29 ноември, 2017 г.

**<u>Присутни</u>**: Петре Шилегов, Максим Димитриевски, Аљбон Џемаили, ,Фатмир Дехари, Теута Арифи, Висар Ганиу, Ивица Тошевски, Благој Бочварски, Стефан Богоев, Наташа Петровска, Аце Коцевски, Јован Стојаноски, Медат Куртовски, Миликије Халими, Саша Богдановиќ, Борјанчо Мицевски, Борис Георгиевски, Енвер Пајазити, Тони Бојковски, Златко Марин, Блерим Беџети, Јане Мицевски, Јанчева Љубица, Насир Муслиу, Башким Машкули, Томе Солевски, Никола Чаракчиев, Изабела Павловска, Никола Станковски, Ристо Сакалиев, Сашо Поцков, Илија Јованоски, Соња Стаменкова, Горан Трајковски, Еркан Арифи , Исмаил Јахоски, Драган Анастасов, Сашо Велковски, Роберт Бешовски, Марјанче Стојановски, Борче Гиевски, Исен Асани, Горан Стојановски, Бљерим Сејди, Љупчо Бојаџиев, Рубинчо Шефтероски, Филип Темелковски, Звонко Пекевски, Блаже Шапов, Зоран Зимбаков, Перо Костадинов, Марјан Јанев, Сашо Јанкоски, Исен Шабани, Зоран Ногачески, Лазар Петров, Анго Ангов, Џемаил Ќамили, Дарко Блажески, Јордан Насев, Претседател на Совет на Конче, Николчо Илијев, Томе Христоски, Ацо Велковски, Живко Силјановски, Јасмина Гулевска, Тони Делков, Љубе Кузмановски, Боро Стојчев, Драган Тренчовски, Живко Гошаревски, Бранко Јанев, Жаклина Јовановски, Коста Јаневски, Азем Садики, Горанчо Крстев, Велимир Смилевски, Александар Наумоски, Курто Дудуш.

1.

Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, го поздрави новиот состав на делегати на Генералното собрание на ЗЕЛС, и пред работниот почеток на седницата, предложи избор на **Работно Претседателство** во состав:

1. **БОРЈАНЧО МИЦЕВСКИ** - градоначалник на општина КРИВА ПАЛАНКА-за **претседател**
2. ТЕУТА АРИФИ- градоначалник на општина ТЕТОВО и
3. ЖИКА СТОЈАНОВСКИ - градоначалник на општина ИЛИНДЕН.

**ОДЛУКА:** Составот на Работното претстедателство на првата Конститутивна седница е избрано со два воздржани гласа.

Претседателот на Работното Претседателство, го стави предлог Дневниот ред на седницата на гласање. Едногласно е усвоен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Одлука за избор на членови во работното претседателство на првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;**
2. **Одлука за избор на Верификациона Комисија;**
3. **Одлука за избор на Кандидациона Комисија;**
4. **Одлука за избор на членови во Комитетот на Советите;**
5. **Одлука за избор на членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС;**
6. **Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС;**
7. **Усвојување на Финансискиот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2018 г.;**
8. **Разно – Дискусија.**

**Втора точка:** Предлог за избор на членови на Верификациска комисија со цел утврдување број на делегати за утврдување кворум за работа на Генералното Собрание. За членови на Верификациската комисија се предложени:

1. БОРИС ГЕОРГИЕВСКИ- градоначалник на општина гази баба – за **претседател**
2. ЕНВЕР ПАЈАЗИТИ- градоначалник на општина БРВЕНИЦА
3. ТОНИ БОЈКОВСКИ-претседател на совет на општина Гази Баба

**Одлука:** Составот на Верификациската комисија е едногласно усвоен.
**Заклучок:** Верифиакциската комисија констатираше присуство на 75 делегати, од кои 72 градоначалници и тројца претседатели на совет на општини.

**Трета точка:** Избор на членови на Кандидациона комисија која на Генералното Собрание му предлага состав на органите и телата на ЗЕЛС. Претседателот на Работното претседателство за членови на Кандидационата комисија ги предложи делегатите:

2. ЗЛАТКО МАРИН- градоначалник на општина АЕРОДРОМ - **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
3. БЛЕРИМ БЕЦЕТИ - градоначалник на општина САРАЈ
4. ЈАНЕ МИЦЕВСКИ – претседател на Совет на општина СОПИШТЕ

**Одлука:** Составот на Кандидационата комисија е едногласно усвоен.

**Четврта точка:**_Избор на членови во **Комитетот на Советите**, како самостоен орган на ЗЕЛС. Членовите на Комитетот на Советите се полноправни делегати на Генералното Собрание на ЗЕЛС. Согласно Статутот, Генералното собрание ги избира членовите на Комитетот на Советите на својата прва – конститутивна седница. Комитетот на Советите е составен од 9 члена од кои по еден претставник од 8-те плански региони во Републиката и од еден член на Советот на Градот Скопје кој по Статут има свој член на Комитетот на Советите.
Претседателот на Кандидационата комисија го предложи следниот состав на членови на Комитетот на Советите:

1. **ЈАНЧЕВА ЉУБИЦА,** Претседател на Совет на Град Скопје
2. **НАСИР МУСЛИУ,** Претседател на Совет на општина Гостивар
3. **ТОНИ БОЈКОВСКИ,** Претседател на Совет на општина Гази Баба
4. **БАШКИМ МАШКУЛИ,** Претседател на Совет на општина Дебар
5. **ТОМЕ СОЛЕВСКИ,** Претседател на Совет на општина Кочани
6. **НИКОЛА ЧАРАКЧИЕВ,** Претседател на Совет на општина Радовиш
7. **ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,** Претседател на Совет на општина Крива Паланка
8. **НИКОЛА СТАНКОВСКИ,** Претседател на Совет на општина Ресен
9. **РИСТО САКАЛИЕВ,** Претседател на Совет на општина Кавадарци

**Одлука:** Предложените членови во состав на Комитетот на советите на ЗЕЛС е едногласно усвоен**.**

**Петта точка:** За избор на членови на Управниот одбор на ЗЕЛС, претседателот на Кандидационата комисија ги предложи следните делегати на Генералното собрание:

1. **ПЕТРЕ ШИЛЕГОВ** Градоначалник на Градот Скопје
2. **МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ** Градоначалник на општина Куманово
3. **МИТКО ЈАНЧЕВ** Градоначалник на општина Кавадарци
4. **ЖИКА СТОЈАНОВСКИ** , Градоначалник на општина Илинден
5. **АЉБОН ЏЕМАИЛИ,** Градоначалник на општина Боговиње
6. **ФАТМИР ДЕХАРИ** Градоначалник на општина Кичево
7. **ТЕУТА АРИФИ,** Градоначалник на општина Тетово
8. **ВИСАР ГАНИУ,** Градоначалник на општина Чаир
9. **ИВИЦА ТОШЕВСКИ,** Градоначалник на општина Ранковце
10. **БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ,** Градоначалник на општина Штип
11. **СТЕФАН БОГОЕВ,** Градоначалник на општина Карпош
12. **НАТАША ПЕТРОВСКА,** Градоначалник на општина Битола
13. **КОСТА ЈАНЕВСКИ,** Градоначалник на општина Струмица
14. **АЦЕ КОЦЕВСКИ,** Градоначалник на општина Велес
15. **ЈОВАН СТОЈАНОСКИ,** Градоначалник на општина Охрид
16. **МЕДАТ КУРТОВСКИ,** Градоначалник на општина Маврово Ростуше
17. **МИЛИКИЈЕ ХАЛИМИ,** Градоначалник на општина Арачиново
18. **САША БОГДАНОВИЌ,** Градоначалник на општина Центар
19. **САШО ПОЦКОВ,** Градоначалник на општина Гевгелија
20. **ТОМЕ СОЛЕВСКИ,** Претседател на совет на општина Кочани
21. **НАСИР МУСЛИУ,** Претседател на совет на општина Гостивар
22. **ТОНИ БОЈКОВСКИ,** Претседател на совет на општина Гази Баба

**Одлука:** Составот на Управниот одбор на ЗЕЛС е едногласно усвоен.

**Шеста точка:** Избор на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС. Овој орган на ЗЕЛС брои 6 члена кои ги избира Генералното Собрание со мандат во траење од 4 години. Еден од членовите на овој орган е истовремено и делегат на Генералното собрание, од редот на членовите на Комитетот на Советите.
Претседателот на Кандидационата Комисија го изнесе предлогот за избор на членови на Надзорниот одбор, и тоа:

1. **ИЛИЈА ЈОВАНОСКИ,** Градоначалник на општина Прилеп
2. **СОЊА СТАМЕНКОВА,** Градоначалник на општина Македонска Каменица
3. **ГОРАН ТРАЈКОВСКИ,** Градоначалник на општина Делчево
4. **БОРЧЕ МИТЕВСКИ,** Градоначалник на општина Петровец
5. **ЕРКАН АРИФИ** , Градоначалник на општина Липково
6. **НИКОЛА ЧАКАРЧИЕВ,** Претседател на совет на општина Радовиш

**Одлука:** Составот на Надзорниот одбор на ЗЕЛС е избран со 75 гласа ЗА и еден ПРОТИВ.

**Седма точка:** Усвојување на Финансискиот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2018. Извршниот директор на ЗЕЛС го претстави Годишниот финансиски план на ЗЕЛС за 2018 година, со планирани приходи и расходи одделно. Согласно годишното финансиско планирање, извршниот директор го престави и Годишниот Акциски план на ЗЕЛС за 2018г., истакнувајќи дека се состои од три стратешки цели, од кои првата е најважна за општините-Застапување и лобирање, втората се услугите кои ЗЕЛС ги обезбедува за општините, со акцент на електронските услуги БФЦ ЈИЕ сертификацијата и градењето капацитети на општините, и третата која се однесува на јакнење на капацитетите на извршната канцеларија, како и планирање на самоодржливост на ЗЕЛС.

*Дискусија:* Градоначалникот на Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, истакна дека општините во некои сегменти од своето работење го немаат правото на одлучување, особено во однос на искористување на одредени инвестициски активности на нивна територија, решенијата се носат на национално ниво, а притоа истите би имале големо локално значење за граѓаните. Како пример го наведе транспортот на топлинска енергија, гасификација, објекти на општините кои можат да се добијат своја локална намена. Градоначалникот Мицевски го нагласи и степенот на кариера воведен во локалната државна администрација и согласно тоа можностите за зголемување на висината на платите на локалната администрација, пезнионирањата во администрацијата што понатаму при нови вработувања се на терет на општината и сл. Градоначалникот Мицевски нагласи дека ова се прашања што ги засегаат речиси сите општини и дека сега преку ЗЕЛС може заеднички да ги адресираат до централната власт.

**Одлука1:** Годишниот финансиски план на ЗЕЛС за 2018г. е едногласно усвоен.
**Одлука2:** Годишниот Акциски план на ЗЕЛС за 2018г. е едногласно усвоен.

**Составил,**
**Стручната Служба на ЗЕЛС**